Ceresit

# CS 24

## Универзален силикон

## КАРАКТЕРИСТИКИ

- ▶ Лепење без прајмер на керамика, стаклени и боени површини и анодизиран алуминиум
- ▶ Отпорен на стандардни средства за чистење и различни хемикалии
- ▶ Отпорен на UV зраци, дожд и мраз
- ▶ Содржи фунгицид и се користи за заштита од појава на мувла

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

CS 24 може да се користи на суви места каде што е неопходна водоодбивност или пополнување на спoеви и заштита од појава на мувла:

▶ Спoеви на кади, лавабоа, садопери, тушеви, кујнски мебел, писоари

▶ Спoеви помеѓу керамички плочки, водоводна исталација и ладни соби.

## ПРИПРЕМА НА ПОДЛОГАТА

Сите подлоги треба да бидат чисти и суви, исчистени од прашина и маснотии и супстанци што можат да го нарушат лепењето на средство за заптивање.

Остатоците од старото средство за заптивање или друг материјал потребно е целосно да се отстрани од подлогата. Отстранувањето на маснотиите се врши со сунгер натопен со разредувач (алкохол или бел шпиритус) а потоа да се избрше со чиста крпа. Прашината отстранете ја со воздушен компресор. За постигнување на најдобри резултати се препорачува користење на заптивна трака по ивиците на спoевите пред нанесување на масата за заптивање.

**Прајмер:**

Иако CS 24 добро се врзува за повеќето подлоги, се препорачува употреба на прајмер кај одредени површини за да врзувањето биде цврсто и рамномерно. Контактирајте не за повеќе информации.

**Димензии на спoеви:**

Дилатациони спoеви се генерално предмет на локална регулатива. По правило, длабочината на спoевите треба да биде еднаква на 2/3 од нејзината ширина, но не помалку од 5мм. Потребно е да се тестира компатибилноста со други средства за заптивање пред употреба, при репарација на спoеви.




## НАЧИН НА УПОТРЕБА

Кога заптивните елементи ќе се постават во канал, силиконот се нанесува така што заптивниот елемент е целосно пополнет. Измазнувањето на заптивниот елемент овозможува добар контакт помеѓу средство за заптивање и површината. Веднаш по нанесувањето, спoевите испрскајте ги со сапуница и измазнете со соодветен алат. Траката отстранете ја веднаш по формирањето на површинскта кора. Измазнете ги сите нерамнини на површините на кои е нанесено средство за заптивање. Свежите дамки од средството може да да исчистат со сув сунгер или сунгер натопен во разредувач. Сувите остатоци отстранете ги со стругалица (жилет) или специјален алат за отстранување на силикон. Контактирајте не за повеќе информации.

## ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ

Потребно е споевите постојано да се чистат и одржуваат. Обезбедете добар и постојан проток на воздух во просторијата во која е нанесено средство за заптивање. Брзината на сушење зависи од температурата, влажноста на воздухот и од димензијата на споевите. Ниските температури, намалена влажност или големи споеви бараат подолго време на сушење. Ослободува оцетна киселина при стврднување.

## ВНИМАНИЕ

CS 24 не треба да се користи за осетливи површини кои може да реагираат со оцетната киселина која се ослободува при сушење.
CS 24 не се препорачува за спoеви кои се во директен контакт со храна.
CS 24 не се препорачува за структурни стаклени работи.
CS 24 не треба да се бои (слаба покривност и адхезија на бојата)
Пред употреба на CS 24 на боени површини, бојата треба да биде целосно сува. Се препрачува тестирање на компатибилноста, имајќи ги во предвид различните бои достапни на пазарот.
CS 24 не се препорачува за материјали кои со тек на време може да испуштат одредени компоненти (бутил средства за заптивање, EPDM гуми, полохлорен и сл.) Може да дојде до губење на бојата и намалени адхезивни својства. Не се препорачува нанесување на CS 24 на природен камен (мермер или гранит). За природен камен користете специјален силикон за природен камен.
CS 24 не се препрачува за употреба на PTFE (Тефлон) или полиетилен.
При употреба на осетливи површини, потребно е претходно да се тестира компатибилноста со средството за заптивање. Здравје и безбедност: Видете во безбедносен лист за CS 24.

## РОК НА ТРАЕЊЕ/СКЛАДИРАЊЕ

CS 24 се складира на суво место при температура од 5°C до 25°C.
Рок на траење 24 месеци во оригинално пакување од датумот на производство (рок на траење прикажан на пакувањето).

Покрај информациите дадени во овој технички лист, важно е да се придржувате до релевантните упатства и правила на различни организации и компании, како и применливите домашни стандарди. Овие карактеристики се засноваат на нашето професионално знаење и искуство. Соодветни својства и употреби што не се наведени во овој лист, бараат наша писмена потврда. Сите информации се дадени во однос на температурата на воздухот и материјалот од + 23°C и 50% релативна влажност, освен ако не е специфично одредено. Имајте во предвид дека во случај на различни климатски услови, стврднувањето може да се забрза или забави, и да самиот производ подлежи на локални услови како што се количина на вода и стврднување. Производ од друго место на производство може да се разликува.

## ПАКУВАЊЕ

Пластичен кертриџ од 280мл.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

▶ CS 24 е во согласност со ISO 846-B (ниво 1, отпорност на мувла).
▶ CS 24 е во согласност со ISO 11600-F-12,5 E, анодизиран алуминиум, бетон (без прајмер)

| | |
|---|---|
| Боја: | Проѕирна и бела |
| Обработка/сушење<br>Пред сушење: | |
| Состав | Силикон на база на оцетна киселина |
| Изглед | паста |
| Специфична тежина | 0.98 g/ml |
| Отпорност на течење (ISO 7390) | ≤ 2 mm |

**Стврднување:**

| | |
|---|---|
| Формирање на сув слој после 15 мин. | (+23°C / 50% RH) |
| Брзина на сушење | +23°C, 2 - 3 дена / 5mm 50% рел. вл. в. |
| Работна температура | +5°C до +40°C |

**После сушење:**

| | |
|---|---|
| Тврдина: | околу 20 |
| Способност на движење (ISO 11600) | 12.5% |
| Максимална ширина на спој | 30mm |
| Промена на заптивање (ISO 10563) | околу 25% |
| Еластично враќање во првобитна состојба (ISO 7389, 100% ext.) | > 80 |
| Отпорност на температура | -30°C до +120°C |

**Механички својства (ISO 8339-A):**

| | |
|---|---|
| Модул при 100% истегнување | околу ≤ 0.4 N/mm² |
| Пукање при истегнување | околу 120% |

Дадените информации, особено препораките за ракување со нашите производи и нивната примена, се засноваат на нашето стручно знаење и искуство. Бидејќи материјалите и условите може да се разликуваат во секоја наменета апликација и затоа немаме влијание врз нив, препорачуваме во секој случај да се направат соодветни тестови за да се провери соодветноста на нашите производи за наменетата примена и употреба. Ниту една правна одговорност не може да се прифати врз основ на содржината на овој технички лист или усните совети, освен ако не постојат докази за нашата намера или сериозна негрижа според Законот за одговорност за производот.



Henkel CEE
www.ceresit.mk